Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 208/0306
04.05 20 21 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28 април 2021 година, врз основа на примена жалба од Јанаки Митровски, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет – порталот „Мактел“ со текстот насловен „Мактел ексклузива: Димитар Апасиев и Јанаки Митровски „лапале“ огромни хонорари од буџетот, а хејтаат хонорарци“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1 и 13.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 14 април 2021 година, адвокат Јанаки Митровски поднесе жалба за текстот со наслов „Мактел ексклузива: Димитар Апасиев и Јанаки Митровски „лапале“ огромни хонорари од буџетот, а хејтаат хонорарци“, Побјавен на 13 април 2021 година, на интернет – порталот „Мактел“ (www.maktel.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, незастапена втора страна и мешање на факти и мислење, вест и коментар, односно дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 13.

Подносителот на жалбата Јанаки Митровски вели дека оспорената содржина претставува школски пример за нарачан текст. Смета дека договорот објавен во текстот спаѓал под доверливост на адвокат/клиент и дека во него немало ништо спорно, зашто, како што додава, се работело за ангажман кој веќе бил сработен. Смета дека самиот документ на новинарот му бил даден од Град Скопје и дека целта на самата содржина била нему да му се измисли политичка поврзаност со политичката партија Левица.

*„Текстот измислува наводни мои, заеднички, иницијативи до Уставен со Димитар Апасиев кои се непостоечки, како и отворено лаже дека сум адвокат на Левица што е, исто така, лесно проверливо“,* посочува Митровски во поднесената жалба и, меѓу другото, потенцира дека воопшто не бил контактиран од авторот на текстот.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Мактел“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Уредникот на медиумот, Саше Ивановски, одговори на наводите на жалбата.

Ивановски ја отфрла жалбата како неоснована. Појаснува дека се работело за коментар кој се однесувал на лица кои, како што вели, лицемерно и јавно критикувале хонорарци во Владата, а дека самите биле хонорарци во државни и јавни институции. Тој вели дека текстот го засновале на договори до кои дошле како медиум, како и на постови на Апасиев и Митровски објавени на социјалните мрежи, во кои тие признале дека и самите биле хонорарци во јавни претпријатија.

Ивановски смета дека информацијата во текстот дека Митровски некогаш бил адвокат на Левица, на што реагира жалителот, воопшто не била важна и имала секундарно значење во сторијата. Вели дека фактите во текстот биле необорливи и затоа одлучиле да не побараат став од жалителот Митровски и од Апасиев.

*„Ние не тврдиме дека тие нешто украле, прекршиле некакви закони, направиле некакви други дејанија, стории кои се тешки обвиниенија па да ги прашаме за втора страна, туку се работеше за обичен уреднички коментар-сторија, каде две лица се фатени во морален престап, јавно коментираат нешто за што самите потоа или признале самите како Апасиев или пак има јавен документ со нивни потпис и печат како во случајот на Јанаки Митревски“,* наведува уредникот на „Мактел“ во одговорот на жалбата.

Ивановски, во прилог на одговорот, го достави и демантот испратен по електронска пошта до „Мактел“ од страна на Митровски. Тој реагира дека демантот содржел закани и навреди кон него и медиумот и дека таквиот меил го смета за отворен притисок кон него како новинар.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 13.

***Член 1:** „Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 13:** „Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 28 април 2021 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека текстот произлегува од јавниот интерес, зашто информациите поврзани со користењето на јавните средства, во случајов, со буџетски хонорари, не смеат да бидат изземени од теми за кои јавност има право да биде информирана. Но, во исто време, Комисијата се согласи дека начинот на кој е обработен текстот отстапува од етичкото и професионално информирање.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Предмет на новинарска опсервација се јавни личности, лидер на политичка партија и адвокат кои се посочуваат како лица кои добивале буџетски хонорари, а кои од друга страна, ги осудувале случаите, кога хонорари добивале други лица. Текстот се заснова на една фотографија, неколку Фејсбук статуси и еден документ, со кои авторот се обидува да ги потврди наводите дека и лидерот на политичката партија „Левица“, Димитар Апасиев и адвокатот Јанаки Митровски добивале хонорари од државни институции. Став на Комисијата е дека ваквиот новинарски приод е еднostран, тенденциозен, не нуди целосно објективна информација и содржи елементи со политички контекст. Ова од причини што авторот требало, но не го испочитувал основното новинарско правило да побара „втора страна“ и да ја провери точноста  на изнесените информации.

Оттука, Комисијата најде дека во текстот на „Мактел“ е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка е нагласена во следните реченици од содржината:

***„Но, Апасиев не е единствениот „левичар“ кој земал високи хонорари од буџетот, а шири омраза кон хонорарците.“***

***„И неговиот „брат по хонорари“ Јанаки Митровски, земал по 100.000 денари месечно адвокатски услуги од „ЈП Лајка“, без ДДВ, плус дополнителни суми за процесни трошоци.“***

***„Јанаки Митровски е адвокат близок на Левица, кој заедно со Димитар Апасиев има работено и на оспорување закони и акти пред Уставен суд.“***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори.

Во продолжение, Комисијата заклучи дека авторот на текстот се појавува и во улога на коментатор, обидувајќи се своето мислење да го камуфлира како факт. Тоа се коси со **членот 13** од Кодексот на новинарите, чија отстапка е забележлива во последната реченица од текстот:

***„Утре пак ќе врескаат против прекаријатот, ќе викаат дека ги бранат правата на хонорарците. Не им верувајте на овие лажговци и манупулатори!“***

Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Онлајн медиумите, при пренесувањето тврдења на политички субјекти или други извори, ќе настојуваат секогаш кога е тоа можно да ги проверат тие тврдења, односно да не бидат само пренесувачи на "сервирани факти" од некој друг. Со тоа, на публиката ќе ѝ овозможат да прави разлика меѓу фактите и шпекулациите или дезинформациите, особено кога станува збор за важни и актуелни случувања и теми.

Комисијата, на крајот, се согласи дека слободата на говор е неприкосновена, а критичкото следење на јавните личности е меѓу главните задачи на новинарите, но дека тоа секогаш треба да биде во согласност со новинарските начела.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува интернет – порталот „Мактел" (www.maktel.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595